# 2011 ИНДЕКС НА ОДРЖЛИВОСТ НА ГО – МАКЕДОНИЈА

15-то издание – јуни 2012 година

Резултати за Македонија, 2011




## ОДРЖЛИВОСТ НА ГО: 3.7

Одржливоста на граѓанските организации (ГО) во Македонија е намалена во 2011 година. Глобалната економска криза која негативно влијаеше врз финанисирањето од странските донатори ја ограничија способноста на ГОите да ги застапуваат интересите на своето членство и целни групи. Институциите се помалку толерантни кон различните мислења или конструктивната критика на владините политики или практики за донесување применети политики, во некои случаи дури сметајќи ги ГОите како непријатели или опозиција. Продолжува поддршката на владините ГОи (т.н. ГОНГО) за да се обезбеди имиџ на поддршка од граѓанскиот сектор. Организацискиот капацитет на ГОите и натаму е слаб, со недволна разновидност на идеи, слаби релации со своите целни групи, несоодветно владеење и големи промени. Во јавноста преовладува мислењето дека ГОите постојат за да служат на приватни интереси.




По усвојувањето на новиот Закон за здруженија и фондации во 2010 година, постоечките ГОи имаа обврска да се пререгистрираат во текот на 2011 година – процес кој многу организации го почувствуваа како тежок, особено фондациите. Од регистрираните 11.457 здруженија и фондации во 2010 година, само 3.506 се пререгистрирале до завршувањето на законски предвидениот рок, односно до крајот на октомври 2011 година.



# ПРАВНО ОПКРУЖУВАЊЕ: 3.2




Во 2011 година, донесени се измени на неколку од законите кои ги засегаат ГОите, што резултира со намалување на граѓанскиот сектор и налагање на значителни административни и финансиски обврски. И покрај тоа што новиот Закон за здруженија и фондации во основа го подобрува правниот амбиент, истиот се уште не се применува целосно и конзистентно. Дополнително, треба да се донесат измени и на други закони со цел да се отстранат одредени контрадикторности или недоречености.

Согласно новиот закон за здруженија и фондации, сите постоечки здруженија и фондации задолжително мораа да се пререгистрираат меѓу април и октомври 2011 година. Сепак, само околу 30 проценти од организациите се пререгистрирале во овој период. До некој степен, ниската стапка на на пререгистрација е одраз на големиот број неактивни организации во секторот. Но, кај помалите и грас-рут (grass root) организациите причина е и недостатокот на организациски и административен капацитет за спроведување на постапката, и покрај организираните обуки и изработениот прирачник од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Централниот регистар на Македонија (ЦРМ) и меѓународни експерти.

Поголемиот број пререгистрирани ГОи имале искуство со завршување на постапката за пререгистрација во рамките на законски предвидениот рок од пет дена. Сепак, некои ГОи се соочиле со проблеми во процесот. Прво, регионалните канцеларии на ЦРМ имале различно толкување и примена на некои одредби од законот. На пример, иако процедурата според законот е бесплатна, некои од ГОите плаќале одредена административна такса. Второ, според новиот закон, за регистрација или пререгистрација, фондациите треба да вложат основачки средства во висина од 10.000 евра, што е двојно повеќе од потребните средства согласно на претходно важечкиот закон. Исто така, според одредбите на Законот за работни односи кои се донесени уште во 1997 година, но не се применувани се до 2010 година, невработените лица кои ќе основаат здружение го губат статусот на невработено лице, со кој добиваат бесплатна здравствена и социјална заштита.

Новиот закон за здруженија и фондации воведува можност ГОите да добијат статус на организации од јавен интерес, на кои им се овозможени поголеми даночни олеснувања во однос на другите организации. Сепак, овие олеснувања треба да бидат рефлектирани и во даночната регулатива. Доделувањето на овој статус е во надлежност на Владата, врз основа на мислење од страна на интерресорска комисија. Една и пол година по донесувањето на законот, ниту една ГО нема добиено ваков статус, бидејки интерресорската комисија се уште не е формирана.

Дополнителни обврски се наметнуваат на ГОите и со други закони. Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам донесен во 2008 година се применува на финансиските институции и на ГОите, бидејќи истите се смета дека имаат големи финансиски обрти кои отвараат можности за перење пари. Законот, од друга страна, не се однесува на политичките партии или верските заедници. Според дополнувањата на овој закон во 2011 година, сите ГОи се обврзани да развијат детална програма со правила, процедури и мерки за спречување на перењето пари и фи-

нансирањето тероризам. Ова особено претставува товар за помалите организации. ГОите со повеќе од педесет вработени исто така мораат да формираат посебен оддел за спречување на перењето пари и финансирањето тероризам. Управата за спречување на перење пари и финансирање тероризам обезбеди поддршка за ГОите за развој на внатрешните процедури во оваа област. Но, и покрај фактот што поголемиот број ГОи располагаат со многу мали годишни буџети, казните за немање соодветно развиени и усвоени процедури се движат од 30.000 до 60.000 евра.

Во 2011 година, Владата исто така, усвои измени и на Законот за лобирање. Според измените, здруженијата може да ангажираат лобисти, но само на покана на легислативно тело. Сите лобисти мора да бидат регистрирани на национално ниво, дури и ако сакаат да лобираат на локално ниво. Само поединци може да се регистрираат како лобисти, и до сега има само еден регистриран лобист.

Институциите и натаму имаат помала толерантност кон ГОите кои изразуваат критика кон владините политики. ГОите кои ги критикуваат владините политики или активности имале искуство со административни бариери од страна на државната администрација, како и на обвинувања дека се опозиција или непријатели.

Во 2011 година, повеќе ГОи, предводени од здружението Конект продолжуваат да работат со Министерството за правда на измените на Законот за донации и спонзорства, со цел да се елиминираат евентуалните недоследности со Законот за здруженија и фондации, да се поедностават правните процедури за даночните олеснувања и да се ревидираат даночните стумулации со цел поттикнување на развојот на филантропијата. Во соработка со меѓународни експерти, Конект го анализираше спроведувањето на законот и инициираше неколку дебати со ГОите во однос на измените на законот кои се изготвуваат од страна на работна група во соработка со Министерството.

Во 2011 година, МЦМС и Здружението на даночни работници на Македонија, во соработка со меѓународни експерти спроведоа анализа на даночната регулатива за граѓанските организации. Добиените препораки за подобрување на системот ќе бидат употребени во претстојната година за отпочнување на процес на дискутирање на конкретни предлози за реформи во оваа област.

Иако некои организации, како МЦМС, и меѓународните проекти, како Техничката помош за граѓанските организации (ТАКСО) финансиран од ЕУ, нудат правна помош за ГОите, бројот на обучени правници и сметководствени работници во оваа област и натаму е многу мал, и останува сконцентриран во главниот град Скопје.

## ОРГАНИЗАЦИСКИ КАПАЦИТЕТ: 3.7




Граѓанскиот сектор во Македонија и натаму страда од забележителен недостаток на идеи и иновативност, што се огледа во фактот што и натаму голем број организации работат на слични теми со слични активности и очекувани резултати и производи. На пример, на неодамнешниот повик на ЕЛЕМ за проектни предлози со фокус на енергетската ефикасност се јавиле голем број организации со многу слични проектни

идеи и активности.

Повеќето ГОи, дури и поголемите организации, имаат послаби врски со своите членови, засегнати страни и целни групи, како и недостаток на стратешко планирање. Повеќето организации се проектно-ориентирани и имаат ограничени капацитети за континуирано обезбедување на клучните услуги за своите целни групи.

Согласно законот, постои разграничување на одговорностите меѓу генералното собрание (за здруженијата), односно одборот на директори (за фондациите) и вработените. Сепак, само мал број ГОи – вообичаено поголемите организации – имаат јасно дефинирана организациска и управувачка структура.

Во граѓанскиот сектор се вработени мал број лица. Според нацрт-Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, во 2009 година во секторот биле вработени 2.079 лица, односно 0,4% од вработените во земјата. Според лица кои се на раководни позиции во граѓански организации, во просек вработените поминуваат меѓу една и една и пол година во секторот, како резултат на ниските плати, недефинираните работни задачи и вработување кое е врзано за реализација на определен проект. Само поголемите ГОи поседуваат професионален капацитет, како на пример експерт за ИТ и сметководител; повеќето организации ги аутсорсираат овие услуги кога истите им се потребни.

Законската регулатива предвидува данок за волонтерски ангажман, создавајќи отпор кај ГОите за ангажирање волонтери. Според истражувањето за општествена одговорност спроведено во 2010 година од страна на МЦМС, само 5,8% од населението волонтирало во просек 10 или повеќе часа годишно. Повеќето од волонтерите се млади луѓе, додека повозрасните и пензионираните ретко се вклучени во секторот, и покрај искуството и знаењето кое би можеле да го споделат.

Повеќето ГОи имаат основна канцелариска опрема. Речиси сите, вклучувајќи ги и помалите организации можат да купат компјутер, и почесто, софтверот претставува поголем финансиски товар за организациите. Како резултат, повеќе организации користат нелиценциран софтвер, но сепак се обидуваат кога е тоа можно, да купат лиценцирани програми со проектно финансирање. Во помалите заедници, пристапот до интернет и натаму останува проблематично прашање. ГОите, особено во помалите заедници исто така имаат проблем со обезбедувањето работни простории. Дванаесет општини доделуваат бесплатен канцелариски простор и интернет конекција на граѓански организации, додека другите општини не се во можност да обезбедат било каква помош и да соработуваат со граѓанскиот сектор.

## ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ: 4.5




Финансиската одржливост на ГОите во Македонија продолжува да претставува проблем. Најголемиот број регистрирани ГОи – 85% - имаат годишен буџет помал од 100.000 денари (односно околу 2.100 УСД) и слаба диверсификација на фондовите. Дури и граѓанските организации со поголеми буџети честопати имаат буџет кој е главно од еден донатор. Повеќето донатори, меѓу кои и ЕУ, како еден од условите го имаат и ко-финансирањето, кое честопати е невозможно

да се обезбеди, особено од страна на помалите организации. Потребата за финансирање понекогаш ги наведува организациите да изработуваат и спроведуваат проекти кои се базирани на потребите на донаторот, и кои не секогаш се целосно насочени кон реализацијата на нивната мисија и визија.

Странските донатори и натаму остануваат главниот извор на финансирање на граѓанскиот сектор, но голем број од нив ги намалуваат или укинуваат своите програми. Норвешката амбасада, еден од најголемите и најзначајните поддржувачи на граѓанското општество во Македонија, во октомври 2011 година најави затворање на амбасадата во 2012 година, заради преструктуирање на норвешката надворешна политика. Дополнително, одредени програми за финансирање проекти од американски, британски или швајцарски фондови се намалени или затворени, а експертите очекуваат дека и шведската Агенција за меѓународна помош СИДА исто така ќе го намалува своето присуство во Македонија.

Домашните извори на финансирање и натаму се незначителни. Владините фондови за граѓанските организации се многу мали. ГОите не сакаат да аплицираат за финансирање од државни фондови, заради стравот од политизација и недоволна транспарентност во распределбата на средствата. Филантропијата, исто така, е се уште недоволно развиена. За сопствените начини на мобилизација на средства и финансии, ГОите сметаат дека се неинвентивни и неефикасни. Поголем успех во мобилизација на средства ГОите постигнуваат за социјални цели, итни случаи или терминални болести, како на пример лекување на болно дете, одошто за долгорочни развојни цели и прашања.

Бизнис секторот, од друга страна, е се повеќе заинтересиран за финансирање на граѓанското општество, и глобалната финансиска криза немаше некој посериозен ефект врз финансиската поддршка од овој сектор за ГОите. Почесто, поголемите компании се оние кои имаат и поддржуваат иницијативи за ошпштествена одговорност. На пример, ЕЛЕМ издвои 500.000 евра за мали проекти во областа на енергетската ефикасност и заштита на животната средина, во согласност со нивната Декларација за општествена одговорност за 2012 година. За жал, граѓанските организации не секогаш се во можност да ги искористат ваквите можности, бидејќи постои скромна традиција на соработка меѓу овие два сектори.

Имплементацијата на Законот за спонзорства и донации од 2007 година, кој ги дефинира даночните олесувања за донаторите, останува отворено прашање поради комплексните административни процедури и малата информираност за одредбите на овој закон. Сепак, од воведувањето на даночните стимулации со овој закон, донациите и спонзорствата се во постојан пораст.

## ЗАСТАПУВАЊЕ: 3.3




Граѓанските организации вршат застапување како преку законските механизми така и преку неформалната комуникација со владините институции. Но, некои недоволно јасни формулации во Законот за лобирање делумно ги попречуваат напорите за лобирање и застапување. ГОите и натаму имаат малку простор за изразување критика, како на национално така и на локално ниво. ГОите веруваат дека владината перцепција за различноста во мислењата е опозиционерство, а не основна вредност на демо-

кратијата, што резултира во самоцензура од страна на ГОите.

И покрај ова, во 2011 година ГОите постигнаа неколку успеси на планот на застапувањето. Националната Фондација за трансплантација успешно издејствува усвојување на нова законска рамка за трансплантација. Центарот за регионални истражувања и соработка "Студиорум", заедно со Министерството за здравство изработи и дејствуваше кон донесување на неколку стратегии, меѓу кои и Стратегијата за безбедно мајчинство. Но, сепак најзначаен е примерот на четириесет и петте младински организации, кои успеаа да го убедат Собранието да го повлече Законот за млади, со организирање протести пред Собранието. Младинските ГОи бараа од Собранието да го ревидира текстот на законот во насока на поголема инволвираност на младите во донесувањето одлуки. Владата одлучи да изработи нов нацрт со значително учество на младинските ГОи во процесот. Но, и покрај овие позитивни примери, ГОите и натаму се уверени дека процесите на изработка и донесување закони и применети политики треба да овозможуваат и поттикнуваат поголемо учество на граѓанскиот сектор.

Во 2011 година се изработуваше нова стратегија за соработка меѓу граѓанскиот сектор и Владата, од страна на работна група во која учествуваа повеќе ГОи. Неколку општини, исто така, изработија локални стратегии за соработка со граѓанските организации. МЦМС учествувал во изработката на овие стратегии во три пилот општини, со прирачник за изработка на локални стратегии, за други заинтересирани локални самоуправи.

Значајно е дека неколку ГОи работат на подобрување на застапувањето и поширокото вклучување на граѓанското општество во процесите на донесување применети политики и одлуки, преку активности за градење капацитет, односно обуки, бесплатна правна помош и изработка на прирачници.

## ИСПОРАКА НА УСЛУГИ: 3.8




Испораката на услуги од страна на ГОи и натаму останува зависна од фондовите од донаторската заедница, кои пак се со опаѓачки тренд. Услугите главно ги обезбедуваат ГОи кои се добро запознаени со локалната заедница и најчесто се однесуваат на потребите на заедницата. Овие услуги се главно од базичен карактер (како на пример обезбедување лични документи за ромското население), услуги врзани за здравствената заштита и образованието, и поддршка во домувањето и комуналните услуги. И покрај овие и други примери, ГОите не нудат диверзифицирани пазарно-ориентирани услуги, односно услуги кои може да им обезбедат финансиска одржливост.

Согласно на законската регулатива, ГОите можат да нудат експертски услуги за централната и локалните власти, а институциите полека и многу малку почнуваат да го користат овој капацитет за делегирање надлежности на ГОите за испорака на јавни услуги. На пример, Министерството за труд и социјална политика и општините Велес и Битола имаат делегирано надлежности на локални ГОи за давање услуги од сферата на социјалната заштита. Исто така, во Битола и Прилеп, локалната ГО РОМА С.О.С. е вклучена во изработката на локалните акциони планови за здравство, кои се усвоени и планирани за реализација со средства на локалната самоуправа.

## ИНФРАСТРУКТУРА: 3.3




Локалните ГОи имаат пристап до спектар на услуги за поддршка и специјализирани обуки, со материјали достапни на македонски јазик и јазиците на заедниците. Интермедијарните организации за поддршка и ресурсните центри примарно се финансираат од странски донатори, со минимално учество од централната и локалните власти, и незначителен приход од обуките кои ги испорачуваат. ТАКСО им нуди поддршка на ГО-ите преку информации, логистичка поддршка, а во некои случаи и преку реализација на координирани активности заедно со граѓанските организации. МЦМС, Институтот за солидарност, демократија и граѓанско општество Societas Civilis (ИДЦСЦ), како и некои помали организации нудат поддршка во градење капацитети на локални ГОи и специјализирани обуки за финансиско работење и пишување проектни предлози. Фондацијата Отворено општество Македонија (ФООМ) претходно поддржуваше Центри за поддршка на граѓанските организации во многу локални заедници. Сепак, со престанокот на финансиската поддршка, овие центри помалку нудат поддршка за ГОи, а повеќе се ориентирани кон други проекти и услуги.

Домашните фондации и други организации, како Центарот за институционален развој (ЦИРа) работат со регрантирање на средства од меѓународни донаторски програми, но немаат значително финансирање од домашни и локални извори на средства.

ГОите делуваат и преку формирање мрежи и коалиции главно во одредени сектори. Постојат и некои меѓусекторски мрежи, како што е Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ), која постои повеќе години. Формирани се и повеќе нови мрежи, како Македонската платформа против сиромаштија (МППС), која брои преку четириесет членки, како и Националната мрежа против насилството врз жената и семејното насилство која брои дваесет организации-членки.

Во изминатите години, само мал број организации воспоставиле комуникација и партнерство со централната и локалните власти за работа на заеднички проекти и постигнување видливи резултати. На пример, градоначалникот на општина Велес работи со Зелената коалиција на различни еколошки иницијативи, а Министерството за економија работи на европски проект за претприемништво во партнерство со Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) и здружението Конект. Партнерствата меѓу ГОите и медиумите и бизнис заедницата се многу ретки, бидејќи вредноста на ваквите партнерства се уште не е доволно препознаена.

## ИМИЏ ВО ЈАВНОСТА: 4.0

Во последните години, медиумското внимание за ГОите не забележува драстични промени. ГОите се едногласни дена интересот на медиумите за покривање на настани и активности на граѓанското општество зависи од присуството на политички личности и функционери, како министри или градоначалници.

Медиумското покривање генерално е подобро на локално ниво одошто на национално ниво. Но, според ГОите интересот и информираноста на локалните медиуми за работата на




граѓанските организации опаѓаат по 2005 година, односно со реформата на јавниот информативен сервис и затворањето на локалните радио станици. Комерцијалните медиуми имаат помалку интерес за емитување информации врзани за активности и настани од граѓанското општество.

Перцепцијата на институциите за ГОите, особено оние кои ги критикуваат владините политики или активности, не е позитивна. Генералната перцепција на јавноста за ГОите останува на многу ниско ниво. Преовладува мислењето дека ГОите им служат на индивидуални цели или интереси. Сепак, во бизнис секторот, зголемената комуникација со граѓанските организации доведе до зголемен интерес за соработка, а во одредени случаи и обезбедување финансиски средства за граѓанското општество.

За дисеминација на информации, граѓанските организации главно ги користат личните контакти и интернетот, особено веб локациите, меилинг листите и социјалните медиуми. ГОите не им веруваат на медиумите поради нивната лимитирана независност. Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Македонија во 2011 година заклучува дека владата го зголемува своето влијание врз медиумите.

Се повеќе ГОи ги објавуваат на интернет своите годишни финансиски и ревизорски извештаи со цел да ја зголемат својата транспарентност, како и заради исполнување на своите законски обврски.

Индексот на одржливост на граѓанските организации (CSO Sustainability Index - CSOSI) е клучна аналитичка алатка за мерење на напредокот на граѓанскиот сектор во регионот на Централна и Источна Европа и Евроазија. Со индексот се следи прогресот на граѓанското општество во дваесет и девет земји во последните петнаесет години. Индексот се однесува на повеќе параметри, меѓу кои целокупното опкружување за работа на граѓанското општество, со фокус на правната рамка, организацискиот капацитет, финансиската одржливост, застапувањето, обезбедувањето услуги, инфраструктурата и имиџот во јавноста. Секоја димензија се оценува на скала од 1 до 7, каде 1 претставува најнапредно ниво, додека 7 означува најниско ниво на развој на граѓанското општество. Индексот е дефиниран од страна на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во партнерство со национална организација во секоја од земјите.

За повеќе информации, контактирајте го Центарот за регионални истражувања и соработка “Студиорум” на office@studiorum.org.mk.

Англиската верзија на Индексот на одржливост на ГО во 2011 година за Централна и Источна Европа и Евроазија е достапна на следниот линк:
http://transition.usaid.gov/locations/europe_eurasia/dem_gov/ngoindex/

# ИНДЕКС НА ОДРЖЛИВОСТ НА ГО ВО 2011 - РЕЗУЛТАТИ

| ДРЖАВА | Правно опкружување | Организацис ки капацитет | Финансиска одрживост | Застапување | Обезбедува ње услуги | Инфра-структура | Имиџ во јавноста | Одрживост на ГО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СЕВЕРНА ГРУПА | | | | | | | | |
| Чешка | 2,8 | 3,0 | 3,2 | 2,1 | 2,4 | 2,8 | 2,4 | 2,7 |
| Естонија | 1,7 | 2,3 | 2,4 | 1,7 | 2,3 | 1,6 | 1,9 | 2,0 |
| Унгарија | Н/А | Н/А | Н/А | Н/А | Н/А | Н/А | Н/А | Н/А |
| Латвија | 2,3 | 3,0 | 3,3 | 2,1 | 2,5 | 2,4 | 3,2 | 2,7 |
| Литванија | 2,2 | 2,9 | 3,2 | 2,0 | 3,4 | 3,0 | 2,6 | 2,8 |
| Полска | 2,2 | 2,6 | 2,7 | 1,7 | 2,2 | 1,7 | 2,2 | 2,2 |
| Словачка | 2,8 | 3,0 | 3,4 | 2,5 | 2,5 | 2,3 | 2,4 | 2,7 |
| Словенија | 3,3 | 3,8 | 4,4 | 3,5 | 3,5 | 3,6 | 3,7 | 3,7 |
| *Просек* | **2,5** | **2,9** | **3,2** | **2,2** | **2,7** | **2,5** | **2,6** | **2,7** |
| ЈУЖНА ГРУПА | | | | | | | | |
| Албанија | 3,9 | 3,9 | 4,6 | 3,6 | 3,7 | 4,0 | 3,8 | 3,9 |
| Босна | 3,4 | 3,4 | 4,8 | 3,1 | 3,9 | 3,8 | 3,3 | 3,7 |
| Бугарија | 2,2 | 4,4 | 4,6 | 2,7 | 3,2 | 3,3 | 3,2 | 3,4 |
| Хрватска | 2,9 | 3,0 | 4,3 | 3,1 | 3,2 | 2,7 | 3,0 | 3,2 |
| Косово | 3,5 | 3,8 | 4,7 | 3,8 | 3,9 | 3,7 | 3,8 | 3,9 |
| Македонија | 3,2 | 3,7 | 4,5 | 3,3 | 3,8 | 3,3 | 4,0 | 3,7 |
| Црна Гора | 3,5 | 4,3 | 4,9 | 3,5 | 4,0 | 3,9 | 4,3 | 4,1 |
| Романија | 3,6 | 3,5 | 4,3 | 3,4 | 3,1 | 3,2 | 3,6 | 3,5 |
| Србија | 4,1 | 4,3 | 5,4 | 3,6 | 4,2 | 3,7 | 4,5 | 4,3 |
| *Просек* | **3,4** | **3,8** | **4,7** | **3,3** | **3,7** | **3,5** | **3,7** | **3,7** |
| ЕВРОАЗИЈА: Русија, Западни НИС и Кавкаски регион | | | | | | | | |
| Ерменија | 3,9 | 3,9 | 5,2 | 3,4 | 3,9 | 3,5 | 4,0 | 4,0 |
| Азербејџан | 4,7 | 4,5 | 5,5 | 4,6 | 4,6 | 4,4 | 4,8 | 4,7 |
| Белорусија | 6,9 | 5,1 | 6,5 | 5,8 | 5,5 | 5,4 | 5,9 | 5,9 |
| Грузија | 3,3 | 4,1 | 5,0 | 4,3 | 4,1 | 4,3 | 4,1 | 4,2 |
| Молдавија | 4,2 | 4,0 | 5,0 | 3,6 | 4,4 | 3,6 | 4,0 | 4,1 |
| Русија | 4,5 | 4,3 | 4,8 | 4,0 | 4,2 | 4,0 | 4,7 | 4,4 |
| Украина | 3,5 | 3,5 | 4,3 | 2,6 | 3,3 | 3,4 | 3,6 | 3,5 |
| *Просек* | **4,4** | **4,2** | **5,2** | **4,0** | **4,3** | **4,1** | **4,4** | **4,4** |
| ЦЕНТРАЛНА АЗИЈА | | | | | | | | |
| Казахстан | 3,9 | 4,2 | 4,6 | 3,9 | 4,0 | 3,7 | 4,1 | 4,1 |
| Киргистан | 3,9 | 4,3 | 5,3 | 3,2 | 4,0 | 3,7 | 4,1 | 4,1 |
| Таџикистан | 4,9 | 4,5 | 5,6 | 4,8 | 4,4 | 4,5 | 4,5 | 4,7 |
| Туркменистан | 6,2 | 5,3 | 6,0 | 6,0 | 5,2 | 5,2 | 5,5 | 5,6 |
| Узбекистан | 6,0 | 5,5 | 6,2 | 5,9 | 5,4 | 5,6 | 5,6 | 5,7 |
| *Просек* | **5,0** | **4,8** | **5,5** | **4,8** | **4,6** | **4,5** | **4,8** | **4,8** |
| *Евроазија и Централна Азија Просек* | **4,7** | **4,4** | **5,3** | **4,3** | **4,4** | **4,3** | **4,6** | **4,6** |

Н/А = Поради логистички проблеми, вредностите на индексот не се достапни за таа година